**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани активности по програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2022 година**

Во текот на 2022 година Општина Крива Паланка продолжи со својата политика за понатамошно продлабочување и унапредување на соработката со граѓанските организации, односно здруженијата на граѓани и фондации, а во насока на креирање активен граѓански сектор, како сериозен партнер на општината, во креирањето на локалните политики, кој директно придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани од заедницата.

Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, во текот на 2022 година ги реализираше активностите во областа на граѓанските организации, согласно усвоената Програма за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанските здруженија и фондации за 2022 година.

Општина Крива Паланка ги имплентираше активностите согласно RELOAD2 проектот, кој општината го спроведува во рамки на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а чија импленетација е до 2024 година.
Целта на овој проект е во сите опфатени општини кои се вклучени во Програмата на RELOAD 2, да се подобри транспарентеноста во финансирање на граѓанските организации од општинските буџети и да се зголеми вклученоста на граѓанскиот сектор во носење одлуки.
Пококретно за Општина Крива Паланка беше одлучено да се работи на областа - Млади - заради идентификување на младиниски инциијативи и потреби, кои финансиски ќе бидат поддржани од проектот на RELOAD2, со вклучено кофинансирање од 25 отсто од општинскиот буџет.
Во таа насока беше ставен акцент на младинските организации, нивните потреби и прашања, како и во градењето и зајакнувањето на капацитетите на граѓанските организации, со обезбедување на менторство и логистичка поддршка за успешно вклучување и спроведување на овој процес.
За таа цел беше реализирана активност за организирање на **младински форум**, на кој преку дводевни работилници со младите од градот се детектираа младинските проблеми и идеи.
Во рамки на овој проект, беше организирана и поширока **Јавна дебата** за дефинирање на приоритети од областа *млади**, пред објавувањето на Јавен повик за граѓанските организации. А за приоритети од областа ***млади*** беа избрани следите теми:

1. Активности за спречување и препознавање на разни видови насилство кај младите;
2. Проекти за младинска партиципација и младински активизам;
3 .Активности за едукација и превенција од разни видови на зависности кај младите;
4. Поддршка на проекти и активности за социјална инклузија на младите особено од ранливи групи и од руралните средини;

Како последователна активност за имплементација на активностите согласно RELOAD2 проектот, Општина Крива Паланка, распиша Ј**авен повик за граѓански организации за поднесување на предлог проекти од областа *млади***. Повикот до граѓанските организации беше објавен на 22.11.2022 г. а крајниот рок за поднесување на проектните предлози беше до 20.12.2022г.
Во рамки на овој повик беше оддржана **обука** со заинтересираните граѓански организации за поднесување на предлог проекти по објавениот Јавен повик за (ReLOaD 2). Обуката беше отворена за сите ГО, а акцентот беше ставен на подготовка на проектни предлози и управување со проектен циклус (УПЦ).
Дополнително беше организиран **„Информативен ден за ГО“** со цел да се објаснат сите процедури и процеси во рамки на распишаниот Јавен повик. Беше даден и практичен опис на сите документи заедно со генералните насоки, каде да се обрне внимание, со цел подготовка на успешни проектни предлози.

Согласно критериумите од усвоената ЛОД Методологија за распределба на средства на ГО-и и временската рамка за процесот на подготовка и евалуација на Јавниот повик за граѓанските организации, сега се наоѓаме во фазата на евалуација на пристигнатите проекти од граѓанските организации, која ја врши Комисија за евалуација, а согласно прцедурата и фазите за евалуација на проектните апликации.

За реализација на планираната активност **„Поттикнување на соработка помеѓу невладиниот сектор, бизнис заедницата и други интересни групи на делување, заради подготовка на стратешки документи за Општината“, која е дел од Програмата за** соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2022 година**,** Општина Крива Паланка ги превзема сите чекори за активен пристап во креирање активен граѓански сектор. Во таа насока, **активно беа вклучени претставници и од граѓанскиот сектор,** во процесот на изработката на новата „Родово одговорна стратегија за развој 2021-2026“.
Ваков практивен пристап на ГО-и во креирањето на локалните политики, е применет и во други слични реализирани активности од страна на локалната самоуправа, како на пример во форумскиот процесот на креирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка континуирано ги превзема сите потребни активности и ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси со кои располага и освен со финансиски средства, Општина Крива Паланка обезбедува стручна, техничка и друг вид на помош, доделува награди и признанија, организира и други активности по потреба, на теми од јавен интерес, а се со цел на креирање проактивен граѓански сектор, кој ќе придонесува кон развој на локалната заедница и современото општество.

Изготвил:
Соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор -
Лилјана Стојановска

Одобрил:
Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија -